**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Елена Стрезоска**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Битола и Ресен**
**ул."Филип Втори Македонски" бр.54/2-10**
**тел. 047/550-106;076/424-346;**
**izvrsitel.strezoska@yahoo.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 574/2024**

Извршителот Елена Стрезоска од Битола, ул."Филип Втори Македонски" бр.54/2-10 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Шпаркасе Банка АД Скопје со ЕДБ 4030993261735 и ЕМБС 4558669 и седиште на ул.„Васил Иљоски" бр.14-Центар засновано на извршната исправа Нотарски акт ОДУ бр.261/2012 од 30.07.2012 година на Нотар Маринчо Велјановски Битола, Нотарски акт ОДУ бр.470/13 од 18.07.2013 година на Нотар Луиза Христова Битола, Нотарски акт ОДУ бр.745/14 од 25.09.2014 година на Нотар Луиза Христова Битола, против должниците Друштво за транспорт, шпедиција, услуги и трговија ФАН ТРАНСПОРТ увоз-извоз ДООЕЛ Битола со ЕМБС 6392075 и сос едиште на ул.„Бистра"бр.70, Николче Јосифовски од Битола со живеалиште на ул.„Бистра" бр.70 Битола (заложен должник) и Наумче Апостоловски од Битола со живеалиште на ул.„Марко Цепенков" бр.26 преку полномошник Адвокатско друштво ВЕРИТАС Битола (заложен должник), за спроведување на извршување во вредност 18.115.755,00 денари на ден 18.05.2026 година го донесува следниов:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста запишана во **лист „В" од Имотен лист бр.60179 за КО Битола 5 со следните ознаки:**

- КП бр.17556 дел 1, Адреса( улица и куќен број на зграда) „Индустриска", бр.на зграда /друг објект 23, намена на згр преземена при конверзија на податоците од стариот ел систем ЗГРАДИ ВО ОСТАНАТО СТОПАНСТВО, влез 1, кат ПР, внатрешна површина 716м2, право преземено при конверзија на податоците од стариот ел. систем 831,

сопственост на заложниот должник Наумче Апостоловски од Битола.

Продажбата ќе се одржи на ден 09.06.2026 година во 10,00 часот во просториите на извршител Елена Стрезоска -ул.„Филип Втори Македонски"бр.54/2-10 во Битола.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.574/2024 од 24.04.2026година, изнесува 6.086.594,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености :

-налог за извршување врз недвижност И.бр.574/2024 од 28.06.2024 година на извршител Сузана Гилевска од Битола

-налог за извршување врз недвижност И.бр.1270/2022 од 15.07.2022 година на извршител Сузана Гилевска од Битола

-налог за извршување врз недвижност И.бр.999/2020 од 29.09.2020 година на извршител Сузана Гилевска од Битола

-хипотека-анекс 2 ОДУ бр.745/2014 од 25.09.2014година од нотар Луиза Христова Битола

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 250040402721702 која се води во Шпаркасе Банка АД Скопје и даночен број 5002025510748, заклучно со 08.06.2026 година, со цел дознака "гаранција за И.бр.574/2024". Доказ за извршена уплата на гаранција е извод од посебната сметка на извршителот. На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Даноците и другите издатоци во врска со продажбата на недвижноста паѓаат на товар на купувачот.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање „Нова Македонија" и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенствено купување и до надлежен орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
ЕленаСтрезоска

18.5.2026

X

Signed by: Elena Strezoska

Д.-на: -заложен доверител
-заложен должник
-Општина Битола- даночно одделение
-УЈП

Правна поука: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.